Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 472/0306
31.10 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 октомври 2019 година, врз основа на примена жалба од Енвер Гаши, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот Топ-њуз.мк, со текстот насловен „Gjykatësi zviceran zhgrehet në vaj kur e dëgjon Radio Shkupin dhe “Fryni era u çel taraba“ (Швајцарскиот судија се расплака кога на радио Скопје ја слушна песната „Дувна ветер, се крена тарабата“), го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 12.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 октомври 2019 година, Енвер Гаши поднесе жалба за текстот со наслов „Gjykatësi zviceran zhgrehet në vaj kur e dëgjon Radio Shkupin dhe "Fryni era u çel taraba" (Швајцарскиот судија се расплака кога на радио Скопје ја слушна песната „Дувна ветер, се крена тарабата"), објавен на 11 септември 2019 година, на интернет – порталот Топ-њуз.мк (www.top-news.mk).

Во жалбата се наведува дека се нарушени авторските права, односно дека Топ-њуз.мк презел и објавил текст[1] од интернет – порталот Штегу[2] (www.shtegu.com) без да го наведе изворот на информацијата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Топ-њуз.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 12.

***Член 12:*** *„Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата веднаш заклучи дека се работи за грубо кршење на професионалните и етички стандарди, во случајов, комплетно преземање на текст од еден во друг медиум, без воопшто да се наведе изворот.

Комисијата се согласи дека се работи за нефер однос и очигледен обид вешто да се „присвои" туѓа содржина и да се претстави како своја, особено што станува збор за сторија за која авторот, несомнено, потрошил и труд и време. Ова уште повеќе што посочениот медиум, освен преземањето на целосната содржина, воедно ја презел и објавил и

[1] http://top-news.mk/archives/58424
[2] https://shtegu.com/archives/20830

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

фотографијата од интернет порталот Shtegu.com, што без добиена согласност од авторот е недозволиво во новинарската професија. Оттука, членовите на Комисијата се согласија дека оспорениот текст не е ништо друго освен уште еден производ на непопуларното „копи пејст" новинарство.

Интернет-порталот Топ-њуз.мк, несомнено, морал да покаже професионална солидарност и да го валоризира трудот на авторот, на начин што прво требало јасно да го наведе изворот, а потоа и да посочи линк до оригиналната верзија, односно до текстот на Shtegu.com. Ваквиот принцип е непишано правило во речиси сите правилници за користење преземени содржини во медиумите во електронска форма, што налага:

– дозволено е објавување на 20% од текстот при што задолжително мора да се истакне изворот;

– доколку медиумот е во електронска форма, потребно е да се обезбеди линк до преземениот материјал.

Според горенаведеното, Комисијата утврди дека интернет - порталот Топ-њуз.мк го прекршил членот 12 од Кодексот на новинарите, според кој плагијаторството е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот. **Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар.**

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот и авторот при преземање на содржини од друг медиум, како и да наведат линк во случај кога се објавува целосно преземена содржина.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот Топ-њуз.мк (www.top-news.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595